ЈУБИЛЕИ

# ТРИ ДЕЦЕНИИ СЛОБОДНО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

## ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА ЗА ПЕЧАТОТ, РАДИОТО И ТЕЛЕВИЗИЈАТА ШТО УПРАВАТА НА ДЛУМ ЈА ОДРЖА ВЧЕРА ПРЕТПЛАДНЕ ПО ПОВОД 30 ГОДИШНИНАТА ОД ФОРМИРАЊЕТО НА ПРВАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЛИКОВНИТЕ УМЕТНИЦИ ВО ЗЕМЈАТА

Со свеченото отворање на традиционалната Есенска изложба во Уметничката галерија и доделувањето признанија на своите заслужни членови, Друштвото на ликовните уметници на Македонија вечерва ќе го одбележи својот триесетти роденден. Заокружувањето на трите децении слободно ликовно творештво беше повод за вчерашната средба меѓу претставниците на ДЛУМ и новинарите од скопските редакции и за освртот кон деновите на формирањето на Друштвото и неговата значајна активност во изминатиот период.

Македонските ликовни уметници со право се гордеат со фактот декаживното Друштво е првата од овој вид организација формирана во земјата уште во текот на Народноослободителната борба. Иницијативата потекна од **Никола Мартиноски, Димче Тодоровски, Здравко Блажиќ** и **Томо Владимирски** 1944 година во Врановци, во Главниот штаб на Народноослободителната војска на Македонија. Оваа група би била непотполна без името на Василие Поповиќ Цицо со кого одржуваат постојани контакти. Веднаш по ослободувањето на Друштвото му се приклучуваат **Вангел Коџоман** и **Лазар Личеновски.** Тие седум уметници го прават јадрото на Друштвото на новинарите, уметниците и научниците, како што е првобитно именувано, а кое и формално ќе се консолидира и ќе го понесе сегашниот назив во 1946 година, по формирањето на Сојузот на ликовните уметници на Југославија. Во ДЛУМ денес членуваат 136 ликовни уметници од кои 105 се со високо образование, само четворица немаат соодветна школска наобразба, а останатите се со виша школска подготовка.

Во еуфоријата на ваквите славенички денови, пренагласувањето на успесите се смета како нешто природно, пригодно. Вистинско задоволство е затоа, да се наврати на резултатите без потреба од предимензионирање, како во овој случај, на извонредно богатата активност што зад себе ја оставија македонските ликовни уметници во изминатите 30 години, било самостојно било преку своето Друштво. Хронично без простории, па според тоа и без најнеопходната администрација и документација, ДЛУМ ни овојпат не беше во состојба да ни презентира бројки, конкретни податоци што ќе ја илустрираат дејноста на неговите членови во изминатиот период. Затоа, без секакви претерувања, ќе мораме да се задоволиме со квалификативот „безброј“ зборувајќи за самостојните и групните ликовни приредби на македонските уметници во Скопје, низ Републиката, во земјата и во странство. Непроценлив е уделот што ликовните уметници го дадоа досега во презентирањето на македонската култура надвор од рамките на Југославија, на сите континенти во светот. Тука, дома, успеаја за само неколку години слободно дејствување да го прескокнат неколкувековниот прекин на ликовната традиција, создавајќи од целата Република, особено од Скопје, поприште на извонредно жива, континуирана, секојдневно присутна нова уметничка продукција.

Сликата за ликовното живеење кај нас ќе биде нецелосна ако и овојпат, барем во неколку реченици, не ги спомнеме редицата нерешени прашања со кои се соочуваат последиците во оваа област на општествениот живот. Наспроти резултатите за кои говоревме погоре малку апсурдно ќе прозвучи, секако, се уште нејасниот статус на ликовниот уметник; со исклучок на неколкуте предземјотресни години, кога располагаше со Умтеничкиот павилјон, ДЛУМ е практично три децении без свои простории; несоодветниот начин на финансирање на уметностите особено остро се одразува врз оваа категорија духовно творештво; проблемот на ателјеата е и понатаму присутен; тука е проблемот на „подмладокот“ и така натаму.

Н. М.